Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 84 13 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област банкарство и финансии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област применета економија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ БАНКАРСТВО И ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602- 342/3 од 20 април 2012 година, донесена на 75. седница на Наставно-научен совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 20 април 2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање асистент *за научната област* ***банкарство и финансии*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

- проф. д-р Ристо Фотов, претседател;
- доц. д-р Крсте Шајновски, член;
- доц. д-р Билјана Петревска, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 3 април 2012 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот **м-р Зоран Темелков**.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден соработник, објавен во весниците „Дневник” и „Лајм” на 3 април 2012 година, за научната област банкарство и финансии **се пријавија следниве** кандидати:

1. м-р Дарко Димитров;
2. м-р Боре Димитров;
3. м-р Далибор Галевски;
4. м-р Јован Проев;
5. м-р Зоран Темелков.

Потребни документи според распишаниот Конкурс:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оцените);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал – доколку има);
- уверение за државјанство;
- изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци и работна историја за кандидатот м-р Дарко Димитров***

Кандидатот **м-р Дарко Димитров** е роден на 5 декември 1978 година во Кочани. Со високо образование од втор циклус на студии се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Република Македонија), насока Монетарна економија, со одбранет магистерски труд на тема *„Пазарот на пари – состојби и перспективи, со посебен осврт на Република Македонија"*. Кандидатот нема доставено список на објавени трудови. Согласно со наведеното, кандидатот не го исполнува условот од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, од член 17 во кој се вели дека за асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветното научно, односно уметничко подрачје, има објавено минимум еден научен труд во научно списание, три години работно искуство по магистрирањето или еден мандат како помлад асистент и покажува способност за наставно-образовна или научноистражувачка активност (НО+НИ)=25 поени.

***Биографски податоци и работна историја за кандидатот м-р Боре Димитров***

Кандидатот **м-р Боре Димитров** е магистер по економски науки, насока Финансиски менаџмент. На 22 март 2012 г. го одбранил својот магистерски труд под наслов „*Анализа на ликвидноста на хотелите и казината во Општина Гевгелија*" на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Според Конкурсот, кандидатот уредно доставил пријава, уверение за постигнат успех на постдипломските студии и уверение за одбранет магистерски труд, кратка биографија, диплома за познавање на странски (англиски) јазик, уверение за државјанство и изјава до Комисијата за верификација на факти. Кандидатот нема доставено список на објавени трудови и нема тригодишно работно искуство по магистрирањето. Согласно со наведеното, кандидатот не го исполнува условот од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, од член 17 во кој се вели дека за асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветното научно, односно уметничко подрачје, има објавено минимум еден научен труд во научно списание, три години работно искуство по магистрирањето или еден мандат како помлад асистент и покажува способност за наставно-образовна или научноистражувачка активност (НО+НИ)=25 поени.

***Биографски податоци и работна историја за кандидатот м-р Далибор Галевски***

Кандидатот **м-р Далибор Галевски** е магистер по економски науки, насока Финансиски менаџмент. На 19 февруари 2010 г. го одбранил својот магистерски труд под наслов „*Ризикот како детерминанта на корпоративното работење*" на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " - Скопје. Според Конкурсот, кандидатот уредно доставил пријава, уверение за постигнат успех на постдипломските студии и одлука за одбранет магистерски труд, кратка биографија, диплома за познавање на странски (англиски) јазик, уверение за државјанство и изјава до Комисијата за верификација на факти и примерок од магистерскиот труд. Кандидатот нема објавено минимум еден научен труд во научно списание и нема тригодишно работно искуство по магистрирањето. Согласно со наведеното, кандидатот не го исполнува условот од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, од член 17 во кој се вели дека за асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветното научно, односно уметничко подрачје, има објавено минимум еден научен труд во научно списание, три години работно искуство по магистрирањето или еден мандат како помлад асистент и покажува способност за наставно-образовна или научноистражувачка активност (НО+НИ)=25 поени.

***Биографски податоци и работна историја за кандидатот м-р Јован Проев***

Кандидатот **м-р Јован Проев** е магистер по економски науки, насока Финансиски менаџмент. На 1 април 2011 г. го одбранил својот магистерски труд под наслов *„Латентната улога на официјалните светски кредитори во креирањето на јавниот долг*" при Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Според Конкурсот, кандидатот уредно доставил пријава, уверение за постигнат успех на постдипломските студии и одлука за одбранет магистерски труд, кратка биографија, диплома за познавање на странски (англиски) јазик, уверение за државјанство и изјава до Комисијата за верификација на факти. Кандидатот нема објавено минимум еден научен труд во научно списание и нема тригодишно работно искуство по магистрирањето. Согласно со наведеното, кандидатот не го исполнува условот од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, од член 17 во кој се вели дека за асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветното научно, односно уметничко подрачје, има објавено минимум еден научен труд во научно списание, три години работно искуство по магистрирањето или еден мандат како помлад асистент и покажува способност за наставно-образовна или научноистражувачка активност (НО+НИ)=25 поени.

***Биографски податоци и работна историја за кандидатот м-р Зоран Темелков***

Кандидатот **м-р Зоран Темелков** е роден на 9 декември 1982 година во Скопје, Р. Македонија. Средно образование завршува во Скопје. Високо образование, Економски факултет завршува во Солун (2001-2004 година) на Универзитетот „Шефилд", со просечна оценка 9,43. По завршувањето на додипломските студии, успешно завршува постдипломски студии од областа *банкарство и финансии* на Универзитетот „Шефилд". Со завршена магистерска работа со наслов *„Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијанието на Базел 1 и Базел 2 спогодбата"* се здобива со звање магистер на економски науки од областа на банкарство и финансии. Поле на интерес му се: банкарство, финансии, сметководство, монетарна економија, финансиски менаџмент, комерцијална логистика, управување со ризици и други економски и бизнис предмети. Од септември 2009 год. кандидатот е запишан на докторски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов *„Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор"*. Од 1 октомври 2009 год, м-р Зоран Темелков е вработен како помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип каде што покрива предмети (во последните два семестра за учебната 2011/2012 година, според Одлуката 2602 – 186/7 за ангажирање на наставници и соработници) како:

- Економика на претпријатијата,
- Комерцијална логистика,
- Менаџмент во туризмот,
- Вовед во осигурување,
- Управување со ризици,
- Банкарско работење,
- Фискален систем ,
- Финансиски инвестиционен менаџмент.

Покрај активното користање на англискиот јазик, за што има уверение за познавање, кандидатот има одлично познавање и на работа со компјутери: Ms Office (Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook), Internet.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

***Објавени трудови***

Кандидатот м-р Зоран Темелков достави список на **објавени научни и стручни трудови** со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

1. Темелков Зоран (2007) „Менаџирање на финансиски средства и извори на финансиски средства во Македонија, наменети за претприемачи", Научен собир – збирка на трудови, Претприемништво – проблеми, дилеми и перспективи, Скопје, 2007, стр. 219 – 229.
2. Темелков Зоран (2006) „Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијанието на Базел I и Базел II спогодбата" – прв дел, месечно списание Теорија и пракса – економија и бизнис (објавено во четири дела).
3. **Temelkov Zoran**, Paceskoski Vlatko (2009) "Free money for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis", scientific conference with international participation " The agricultural sector in times of financial crises, pp. 96 – 101, 5-7 November, 2009, Svishtov, *Bulgaria*.
4. Radosavjlevik – Bojceva B. Marina, **Temelkov Zoran** (2011) "EU financial support for the Republic of Macedonia", International jubilee scientific conference "Economics and Management in the 21st Century – Solutions for sustainability and growth", pp. 491 – 498. 8-9 November, 2011, Svishtov, Bulgaria.
5. Филипоски Оливер, Ташков Нако, Методијески Дејан, **Темелков Зоран** (2011) „Комуникација во образовниот процес", Меѓународен научно-стручен собир „Образованието во 21 век", Македонско научно друштво – Битола, стр. 187, 9 декември 2011, Битола, Македонија.
6. Radosavjlevik Bojceva Marina, **Temelkov Zoran** (2011) "Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business", First REDETE Conference "Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies: *A Review of Current Policy Approaches", pp. 212 – 219,* October 27-29, 2011, Banja Luka.

***Останати публикации***

1. **Темелков Зоран** (2012) „Каде исчезнува македонскиот денар", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 8.2.2012 год., 901.
2. Темелков Зоран (2012) „Трката за профит ја заслепи грижата за клиентите", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 2.2.2012 год., 897.
3. Темелков Зоран (2011) „Пари се бројат колективно", стр. 2-3, 28.6.2011 год., 762.
4. Темелков Зоран (2011) „Дишење во врат пред банкомат", стр. 8. 13.6.2011 год., 751.
5. Темелков Зоран (2010) „Во банките сè повеќе фиктивни комитенти и колекционери на книшки", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3. 20.09.2010 год. 581.
6. Темелков Зоран, Гогова Марија (2010) „Деловните банки можат да бидат и посредници", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 14.9.2010 год., 577.
7. Гогова Марија, Темелков Зоран (2010) „Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата?", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 2.9.2010 год., 572.
8. Темелков Зоран (2010) „Поевтини пари за совесните клиенти", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 19.8.2010 год., 562.
9. Темелков Зоран (2010) „Црната боја легитимација на богатството", Бизнис - дневен економски весник, стр. 4-5, 30.4.2010 год., 488.
10. Темелков Зоран (2010) „Нова технологија – софистицирани криминалци", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 19.4.2010 год., 479.
11. Темелков Зоран (2009) „Повеќе пластика – поголеми долгови", Бизнис - дневен економски весник, стр. 5., 25.8.2009 год.
12. Темелков Зоран (2009) „Електронското банкарство предизвик за комитентите", Бизнис - дневен економски весник, стр. 6, 10.7.2009 год., 302.
13. Темелков Зоран (2011) „Правилниот избор – пред трошоците", Бизнис - дневен економски весник, стр. 7, 6.7.2009 год.

***Евалуација на трудот: „Менаџирање на финансиски средства и извори на финансиски средства во Македонија, наменети за претприемачи"***

**Претприемачите како еден од факторите на производство имаат катализаторска улога во развојот на економијата. Во реализирањето на деловните одлуки од особена важност претставува обезбедувањето, но и менаџирањето со финансиските средства. Од аспект на обезбедување на финансиски средства на претприемачот му стојат на располагање три основни извори на финансиски средства за финансирање на бизнисот. Во презентирањето на алтернативите во обезбедувањето на финансиски средства, кандидатот м-р Зоран Темелков наведува дека на претприемачот му стојат на располагање две опции. Прва опција претставува вложувањето на сопствени средства или средства добиени од блиски роднини и пријатели. Втора алтернатива, според кандидатот, е финансирање преку задолжување. Овде треба да се наведе дека кандидатот укажува на прилично сложената процедура на стекнување средства на име кредити од банка, особено кога станува збор за туку** што оформени нови бизниси.

Во можностите што им стојат на располагање на претприемачите во обезбедување на своите бизниси со финансиски средства, авторот ги наведува: лизингот, трговскиот стоков кредит, кредитните картички, венчур капитал компаниу и ангели инвеститори. Во овој труд кандидатот м-р Зоран Темелков нагласува дека во рамките на менаџирањето со финансиските средства од особена важност е менаџирање со готовинскиот тек, како и приходите на бизнисот. Во тој контекст кандидатот предупредува дека неадекватното менаџирање на средствата може да резултира со проблеми во готовинскиот тек, што неминовно ќе се одрази на ликвидноста на бизнисот. Заради тоа, како што наведува авторот, претприемачот треба да овозможи бизнисот навреме да ги плаќа своите обврски и да ги наплатува своите побарувања, со што би воспоставил непречено одвивање на бизнисот.

***Евалуација на трудовите од 2 до 4: „Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијание на Базел I и Базел II спогодбата IV"***

**Регулацијата и супервизијата на банкарскиот сектор претставуваат значајни механизми во одржување на стабилноста и сигурноста на функционирањето на овој сектор, како и овозможување на непречено одвивање на општествената репродукција.**

**Регулацијата и супервизијата од своја страна имаат за последица, како што нагласува м-р Зоран Темелков, намалување на отвореноста на пазарот. Но, во што се состои промената во супервизијата? Во трудот м-р Зоран Темелков наведува дека станува збор за примена на метод за пресметка на ризикот. Доколку одредена банка прифати да го применува т.н. методот на IRB, тоа подразбира, како што наведува авторот, банката треба да се потпира на сопствена проценка на елементите на ризикот при воспоставување на капиталните барања. Се разбира**, во таков случај од банките кои го имплементираат IRB методот се очекува да ја класифицираат книговодствената изложеност на банките на пет категории на средства, каде што во основа секоја категорија има слични ризични карактеристики.

Во овие пет категории се вбројуваат следниве категории: корпоративни, владини, retail, банкарски и основен капитал.

Во објаснувањето на почетокот од промените во супервизијата во банкарската индустрија м-р Зоран Темелков ги наведува поголемите промени кои следуваа во 1988 година т.н. капитал акорд, кога почнуваат да егзистираат нови финансиски инструменти на финансиските пазари, како промените што едновремено се случија на овие пазари, што наметнаа потреба од модификација на 1988 Базел стандардите. Тоа несомнено наметна потреба од отстранување на надминатата поделба на земји-членки на OECD и оние кои не се членки на OECD, што значи почеток на хармонизација на финансиските пазари. Тоа на што укажува кандидатот по однос на можните промени кои се случија со акордот од 1988 година е во проценката на кредибилитетот, што оваа одговорност и обврска преминува на Надворешната агенција за оценување на кредитниот рејтинг (External Credit Assesment Agency, ECAI). Во рамките на промените кои се извршија под влијание на Базел I и Базел II треба да се потенцира дека тие се состојат во напуштање на проценка на капиталната адекватност. Имено, се поставуваат три столба (pillars) на Базел II, чија главна цел е да се

постигне хармонизација на интернационалните стандарди и економската вредност на risk management.

Пондерационата тежина на првиот столб од новиот Базел акорд, кој се состои во пресметување на минимални капитални барања, се одредува во минимална висина на капитално барање од 8% од капиталот спроти ризично пондерираната актива.

Суштината на вториот столб се состои во супервизорски надзор на адекватност на капиталот, кој вклучува постоење на четири основни принципи за супервизорски надзор.

М-р Зоран Темелков во овој дел од трудот ги презентира и објаснува секој од овие принципи. Првиот принцип подразбира секоја банка да поседува систем според кој ќе се врши проценка на адекватноста на вкупниот банковен капитал наспроти нејзиниот ризичен профил. Вториот принцип се состои во дефинирање на одговорностите на супервизорите.

Третиот принцип се состои во дефинирањето на почетната точка на супервизорите да биде во тоа да банките да ги извршуваат нивните активности. Конечно, четвртиот принцип, се однесува на супервизорските мерки.

Промените во супервизијата во банкарскиот сектор се придружувани со воведување на т.н. трет столб што Базелскиот комитет го спроведува и кој се состои во промовирање на пазарна дисциплина, како и да послужи и како дополнување на другите два столба.

Евалуација на трудот 5: „Промените во супервизијата во банкарската ***индустрија под влијание на Базел I и Базел II спогодбата I***"

**Во овој труд авторот м-р Зоран Темелков ја претставува Базелската спогодба со специфичностите и структурираноста. Разработката на проблематиката за новата Базелска спогодба опфаќа поделбата на Базел стандардите и укажува на фактот дека е потребно донесување нови стандарди (Базел** II). Се разбира дека ваквата потреба е наметната како последица на недостатоците што се пројавиле кај стандардите промовирани со Базел I.

Авторот ги наведува наодите на одредени автори, кои во своите истражувања ги потенцираат фактите дека поради ниското исполнување и застареност на супервизорските стандарди, банките се доведуваат во состојба да извршуваат нелегални активности, коишто доведуваат до ликвидирање на банките. Несомнено дека еден од позначајните недостатоци на Базел I спогодбата е во неспособноста да вклучи одредени аспекти од финансиската теорија, како што е Value at Risk (VaR) моделирањето, нагласува м-р Зоран Темелков. Натамошна слабост на оваа спогодба (Базел I) се состои во тоа што коефициентот на капиталната адекватност за развиените земји резултираше во донесување на погрешни заклучоци во врска со банката. Како поткрепа на ваквата оценка се наведува пример дека голем број банки кои работеле во развиени пазари објавиле успешен коефициент на капитална адекватност непосредно пред почетокот на кризите.

Во овој труд, меѓу другото, авторот ги претставува стандардите на Базел I. Со одлука на Базелскиот комитет, банкарскиот капитал се дели на два слоја, Tier 1 и Tier 2 (BCBS, 1988; BCBS, 2003). Капиталната основа на банката треба да е составена од најмалку 50% од Tier 1 капитал (составен од основниот капитал на банката и објавени резерви) и дополнителен Tier 2 капитал со максимален износ еднаков на основниот капитал на банката.

Во рамките на Базел I стандардите е воведен т.н. ризичен пондериран коефициент кој служи за пресметување на минималните капитални барања. Главната причина што овој коефициент е вклучен произлегува од фактот што овој метод има предности во споредба со другите методи (пример, како што е тоа со т.н. gearing ratio). Една од предностите, наведува м-р Зоран Темелков, е во можноста што овозможува полесна споредба на финансиските системи во случаи кога нивната структура се разликува и друга предност е во неговата особина за полесно интегрирање на вонбилансни позиции. Во овој труд кандидатот м-р Зоран Темелков го разработува и прашањето на т.н. country transfer risk, при што во неговото одредување користи две методи. Првата е заснована на поделба помеѓу побарувања од домашни и странски институции. Треба да се потенцира дека проблем при користење на овој метод се јавува поради фактот што не се зема предвид дека овој ризик е различен за секоја земја, како фактот што оваа поделба не ја зема предвид интернационалната интеграција на финансиските пазари, наведува кандидатот. Вториот метод е базиран врз поделбата на земјите во групи врз основа на нивниот кредитен рејтинг.

Евалуација на трудот: **“Free money for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis”, scientific conference with international participation**

**Земјоделската гранка е една од гранките кои се сметаат за приоритетни за развојот на економијата. Европската унија преку националната стратегија на државите ја потенцира важноста на земјоделската гранка со најразличните фондови кои ги нуди за развој и модернизирање на земјоделството. Кандидатот во трудот го наведува фактот дека кризата од 2008 година негативно влијаеше на финансиските резултати на земјоделските претпријатија. Негативните резултати го намалија капиталот за вложување на претпријатијата и ги принуди истите да се задолжуваат во банакрскиот сектор најчесто со високи каматни стапки.**

Авторите на трудот ги нарекуваат средствата од европските фондови „бесплатни пари“, бидејќи за истите не се плаќа никакви камати и истите не треба да се вратат сè додека се исполнуваат условите. Средстватаа кои се бесплатни се од посебна важност за земјоделските претпријатија, бидејќи истите ги намалуваат трошоците на капиталот и во исто време нудат дополнителен капитал за инвестиционите активности.

Евалуација на трудот: „**Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business”**

Во овој труд е анализирана важноста на малите бизниси како движечка сила во транзиционите економии. Засилувајќи го духот на претприемништвото, може значително да се намали невработеноста, а со тоа да се зголеми животниот стандард на населението.

Авторите на трудот посебно внимание посветуваат на актуелноста на малите или семејните бизниси во Република Македонија. Земајќи ја предвид високата стапка на невработеност, примарна цел на овој бизнис е да се најде соодветна стратегија која би ги елиминирала примарните рестрикции кои вршат опструкција во развојот на претприемачот.

Примарниот фокус на стратегијата, според авторите, треба да биде програма во областа на едукацијата и подобрувањето на способностите на претприемачите. Треба да се посвети внимание на образованието на претприемачите, нивниот начин на размислување и делување. Исто така стратегијата треба да земе предвид и зголемување на достапноста на финансиските средства за идните преприемачи.

Авторите заклучуваат дека е важно е да се разбере важноста на претприемачите и фамилијарните бизниси во развивањето на економијата преку намалување на сиромаштијата и невработеноста.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот **м-р Зоран Темелков** има поднесено комплетна документација која се бараше во Конкурсот и која е во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на банкарство и финансии. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови.

Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката проблематиката што се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Зоран Темелков ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му предложи **кандидатот м-р Зоран Темелков да го избере во звањето асистент за научната област банкарство и финансии.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Крсте Шајноски, член, с.р.**
**Доц. д-р Билјана Петревска, член, с.р.**

**Т А Б Е Л А**
**За вреднување на активностите на м-р Зоран Темелков, според критериумите дадени во Правилникот за избор вонаставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 90 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна год. | 18 |
| Магистерски труд<br>“**Changes in the supervision of the banking industry under the influence of Basel I and Basel II Accord**” | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 3 | 1 | 3 |
| 1. Зоран Темелков (2006) „Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијанието на Базел I и Базел II спогодбата” – прв дел, месечно списание Теорија и пракса – економија и бизнис (објавено во четири дела). | 1 | 2 | 2 |
| 2. Зоран Темелков (2007) „Менаџирање на финансиски средства и извори на финансиски средства во Македонија, наменети за претприемачи”, Научен собир – збирка на трудови, Претприемништво – проблеми, дилеми и перспективи, Скопје, 2007, стр. 219 – 229. | 1 | 2 | 2 |
| **3. Zoran Temelkov**, Vlatko Paceskoski (2009) “Free money for the agricultural sector as helping hand for investment activities in times of financial crisis”, *scientific conference with international participation “ The agricultural sector in times of financial crises, pp. 96 – 101, 5-7 November, 2009, Svishtov, Bulgaria.* | 1 | 1 | 1 |
| 4. Marina B. Radosavjlevik – Bojceva, **Zoran Temelkov** (2011) “EU financial support for the Republic of Macedonia”, International jubilee scientific conference “Economics and Management in the 21st Century – Solutions for sustainability and growth”, pp. 491 – 498. 8-9 November, 2011, Svishtov, Bulgaria. | 1 | 2 | 2 |
| 5. Оливер Филипоски, Нако Ташков, Дејан Методијески, **Зоран Темелков** (2011) „Комуникација во образовниот процес”, меѓународен научно-стручен собир „Образованието во 21 век”, Македонско научно друштво – Битола, стр. 187, 9 декември 2011, Битола, Македонија. | 1 | 1 | 1 |
| 6. Marina Radosavjlevik Bojceva, **Zoran Temelkov** (2011) “Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business”, **First REDETE Conference “**Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies: *A Review of Current Policy Approaches”, pp. 212 – 219,* October 27-29, 2011, Banja Luka. | | | |
| **В К У П Н О трудови со оригинални научни резултати** | 8 | (5*1 + 3*2) = | 11 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Научно-популарни статии во весник:<br><br>**1.** Зоран Темелков (2012) „Каде исчезнува македонскиот денар", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 8.2.2012 год. 901.<br>**2.** Зоран Темелков (2012) „Трката за профит ја заслепи грижата за клиентите", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 2.2.2012 год., 897.<br>**3.** Зоран Темелков (2011) „Пари се бројат колективно", стр. 2-3, 28.6.2011 год., 762.<br>**4.** Зоран Темелков (2011) „Дишење во врат пред банкомат", стр. 8, 13.6.2011 год., 751.<br>**5.** Зоран Темелков (2010) „Во банките сѐ повеќе фиктивни комитенти и колекционери на книшки", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 20.9.2010 год., 581.<br>**6.** Зоран Темелков, Марија Гогова (2010) „Деловните банки можат да бидат и посредници", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 14.9.2010 год., 577.<br>**7.** Марија Гогова, Зоран Темелков (2010) „Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата?", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 2.9.2010 год., 572.<br>**8.** Зоран Темелков (2010) „Поевтини пари за совесните клиенти ", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 19.8.2010 год., 562.<br>**9.** Зоран Темелков (2010) „Црната боја легитимација на богатството", Бизнис - дневен економски весник, стр. 4-5, 30.4.2010 год., 488.<br>**10.** Зоран Темелков (2010) „Нова технологија – софистицирани криминалци", Бизнис - дневен економски весник, стр. 2-3, 19.4.2010 год., 479.<br>**11.** Зоран Темелков (2009) „Повеќе пластика – поголеми долгови", Бизнис - дневен економски весник, стр. 5, 25.8.2009 год.<br>**12.** Зоран Темелков (2009) „Електронското банкарство предизвик за комитентите", Бизнис - дневен економски весник, стр. 6, 10.7.2009 год. 302.<br>**13.** Зоран Темелков (2011) „Правилниот избор – пред трошоците", Бизнис - дневен економски весник, стр. 7, 6.7.2009 год.<br>**В К У П Н О** Научно-популарни статии во весник | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>**13** | 0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>**0,5** | 0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>**6,5** |
| Учество на научен собир<br>**1.** Certificate for participation in the III Scientific-professional meeting "Education in 21st century", held on 09.12.2011, Bitola, Macedonia<br>**2.** Certificate of attendance – 6th Annual international conference on European integration "Constructing Europe as a Global Power: From Market to Identity?" held in Skopje on 19, May, 2011. Organized by the University of American College Skopje | 1<br>1 | 2<br>2 | 2<br>2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Техничко унапредување<br>1. Certificate of completion – Integrating IT tools in teaching process, held in Stip, July, 2011. Organized by the University of Goce Delcev<br>2. Certificate of Attendance – SMEs participation in FP7, 04 – 05, February, 2009. Organized by Enterprise Europe Network, European Commission – Enterprise and Industry | 1<br>1 | 2<br>2 | 2<br>2 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| **ВКУПНО ПОЕНИ** (НО**+**Н**И+**САОР) | **47,5** | | |